Врз основа на член 45 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2009) министерот за финансии донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ФОРМИРАЊЕ РЕВИЗОРСКИ КОМИТЕТ

## Член 1

Во Министерството за финансии се формира Ревизорски комитет, како консултативно тело за прашања поврзани со внатрешната ревизија.

## Член 2

(1) Ревизорскиот комитет е тело за спроведување консултации во врска со организацијата и функционирањето на единиците за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор.

(2) Под консултација од став 1 од овој член се подразбира:

- размена на информации;
- дефинирање на заеднички ставови и мислења и нивно вградување во регулативата или препораките;
- одлучување за заедничко извршување на одредени активности и
- давање совети на министерот за финансии.

(3) Ревизорскиот комитет дава консултации кои се однесуваат на прашања поврзани со:

- организација, место, функција и улога на единицата за внатрешна ревизија;
- професионално извршување на ревизијата и известување за наодите;
- подготовката на годишниот финансиски извештај на министерствата;
- управувањето со ризик и процедурите за работа;
- обука на вработените во единиците за внатрешна ревизија и
- други релевантни прашања.

### Член 3

1. Членови на Ревизорскиот комитет се: државниот секретар на Министерството за финансии, раководителот на Централната единица за хармонизација и раководителите на единиците за внатрешна ревизија на министерствата.
2. За претседател на Ревизорскиот комитет се назначува државниот секретар во Министерството за финансии.
3. За Секретар на Ревизорскиот комитет се назначува раководителот на Централната единица за хармонизација.
4. Во отсуство на Државниот секретар на Министерството за финансии, со Ревизорскиот комитет ќе претседава раководителот на Централната единица за хармонизација.
5. Во отсуство на раководителот на единицата за внатрешна ревизија на министерството, на седница на Ревизорскиот комитет присуствува внатрешен ревизор од соодветната единица за внатрешна ревизија во министерството.

### Член 5

Ова одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 15-25108/1
01.8. 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески